ЕДРИЛИЧАРСКИ КЛУБ „СНЕГАР“
„Партизанска“ 19,  6330 Струга Македонија
SAILING CLUB “SNEGAR” STRUGA
“Partizanska” 19 6330 Struga Macedonia

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕГАТНИОТ ОДБОР НА „ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО“ ВО КЛАСАТА ЛАСЕР 4.7 И КЛУБСКА РЕГАТА ВО КЛАСАТА ОПТИМИСТ

**Составен во Струга на ден 2 Јуни 2013 година на регатно поле Градска плажа.**

Според испратениот распис за регатата, приемот и пријавување на натпреварувачите започна во 10.00 часот во клубските простории на Едриличарскиот клуб „Снегар“ Струга. На натпреварот учество зедоа клубовите ЕК “Снегар” Струга, ЕК “Бофор” – Охрид и ЕК “Пират” - Охрид

Регатниот одбор на „Државното првенство“за класата Ласер Радиал и Критериумска регата во Оптимист, во состав: Бојан Кавај, Фарук Лушо, Томе Андреески, Иван Андреески, Лазо Ѓоргоноски, Владо Јовановски и Драган Ќелешоски, во 9.30 часот на огласната табла ги истакна Упатствата за едрење, и го определија следниот судиски состав и тоа:

На Старт, Иван Андреески и Дејан Ошафко (Брод Владо Јовановски)

На значка/бова/  Лазо Ѓоргоноски (Брод Галија)

Првата трка започна во 11.10 часот во услови на сончево време при ветер со брзина од 5 м/сек. и температура на воздухот од околу 18º С. Најпрво беше истакнато знамето на класата „Оптимист“, а после 10 минути знамињата на класата Ласер 4.7. Стартовите беа изведени без преступување на стартната линија. Допири на бродовите не беа забележани.

Се едреше триаголен курс според упатствата за едрење со значка број 1 поставена во правец на југ - точно во ветар на растојание од стартот на 872 метри. Сите бови се заобиколуваа од лева страна.

Се одржаа 4 трки во класата Ласер Радиал и 2 трки за Оптимист. Објавен беше трет старт за Класа Оптимист но поради недостаток на ветер истиот беше одложен.

I. Првата трка се едреше до 11,40 часот. Најпрво пристигна класата „Ласер 4,7 па „Оптимист“.

По завршување на оваа регата не беше истакнато протестно знаме.

II. Втората трка за класа Ласер Радиал започна во 11,50 часот при сончево време и зголемување на јачината на ветрот од 7 метри/сек.

Протести на стартот, за време на регатите и после регатата немаше.

III. Третата трка започна во 12,40 часот со ветар од 4 метри/сек од јужен правец. Протести на стартот, за време на регатите и после регатата немаше.

IV. Четврта трка се одржа само во класата Ласер 4.7 во 13.20 часот со ветар од 3 метри/сек од јужен правец. Протести на стартот, за време на регатите и после регатата немаше.

Притоа беа забележани следниве резултати во три одржани трки:

**КЛАСА ЛАСЕР 4,7**

# Overall

**Sailed: 4, Discards: 1, To count: 3, Entries: 4, Scoring system: Appendix A**

| Rank | Fleet | Boat | Class | SailNo | Club | HelmName | CrewName | Rating | R1 | R2 | R3 | R4 | Total | Nett |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1st | | | L Radial | 36 | EK Snegar - Struga | Edral Lusho | | | (1.0) | 1.0 | 1.0 | 1.0 | 4.0 | 3.0 |
| 2nd | | | L Radial | 180639 | EK Pirat - Ohrid | Dimitar Pop-Stefanija | | | (2.0) | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 8.0 | 6.0 |
| 3rd | | | L Radial | MKD1 | EK Snegar - Struga | Agim Fejzuloski | | | (3.0) | 3.0 | 3.0 | 3.0 | 12.0 | 9.0 |
| 4th* | | | L 4.7 | 1 | EK Snegar - Struga | Nikola Churkoski | | | (4.0) | 4.0 | 4.0 | 4.0 | 16.0 | 12.0 |

*вон конкуренција во класа Ласер 4.7

Sailwave Scoring Software 2.8.5
www.sailwave.com

## КЛАСА ОПТИМИСТ

# Overall

**Sailed: 2, Discards: 0, To count: 2, Entries: 14, Scoring system: Appendix A**

| Rank | Fleet | Boat | Class | SailNo | Club | HelmName | CrewName | Rating | 2 | R2 | Total | Nett |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1st | | | Optimist | 5097 | EK Bofor Ohrid | Ilche Grunche | | | 2.0 | 1.0 | 3.0 | 3.0 |
| 2nd | | | Optimist | 2442 | EK Bofor Ohrid | Igor Kanevce | | | 1.0 | 2.0 | 3.0 | 3.0 |
| 3rd | | | Optimist | 7239 | EK Bofor Ohrid | Ivo Ilincev | | | 7.0 | 3.0 | 10.0 | 10.0 |
| 4th | | | Optimist | 6829 | EK Snegar Struga | Simon Gucheski | | | 3.0 | 7.0 | 10.0 | 10.0 |
| 5th | | | Optimist | 314 | EK Bofor Ohrid | Darko Slatinec | | | 5.5 | 5.0 | 10.5 | 10.5 |
| 6th | | | Optimist | 5 | EK Snegar Struga | Slobodan Kutanoski | | | 5.5 | 6.0 | 11.5 | 11.5 |
| 7th | | | Optimist | 223 | EK Snegar Struga | Ilija Jovcheski | | | 4.0 | 8.0 | 12.0 | 12.0 |
| 8th | | | Optimist | 313 | EK Bofor Ohrid | Bojan Petrovski | | | 9.0 | 4.0 | 13.0 | 13.0 |
| 9th | | | Optimist | 6931 | EK Bofor Ohrid | Andrej Mirchevski | | | 8.0 | 10.0 | 18.0 | 18.0 |
| 10th | | | Optimist | 1 | EK Snegar Struga | Kristijan Dunoski | | | 10.0 | 9.0 | 19.0 | 19.0 |
| 11th | | | Optimist | 9 | EK Bofor Ohrid | Martin Puleski | | | 11.0 | 11.0 | 22.0 | 22.0 |
| 12th | | | Optimist | 222 | EK Snegar Struga | Ardijan Fejzuloski | | | 13.0 | 13.0 | 26.0 | 26.0 |
| 12th | | | Optimist | x | EK Snegar Struga | Emilija Jovcheska | | | 13.0 | 13.0 | 26.0 | 26.0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 12th | Optimist | xx | EK Snegar Struga | Aleksandra Zlateska | 13.0 | 13.0 | 26.0 | 26.0 |

https://www.facebook.com/pages/Sailing-Club-Snegar-Struga/349826985088673
eksnegar@yahoo.com

Sailwave Scoring Software 2.8.5
www.sailwave.com

Во 14,00 часот Регатниот одбор се повлече за да ги сумира резулататите од двете регати, после што во 15.00 ги истакна на огласна табла резултатите од бодирањето на според погоре прикажани резултати.

Целиот настан беше медиумски покриен од екипата на Македонска Радио Телевизија. Настанот го следеше и локалната радио станица Плеј ФМ од Струга.

Организаторот на регатата ЕК Снегар Струга и Едриличарската федерација на Македонија организираа свечено прогласување на пласманите, при што претседателот на ЕФМ Стефан Ставрев, секретарот на ЕФМ Иван Андреески доделија медали за освоените I, II и III место на едриличарите во сите класи.

Регатен одбор,
Претседател